


## ОД АКТИВНОСТИТЕ НА КАТОЛИЧКАТА ЕПАРХИЈА „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ СТРУМИЦА- СКОПЈЕ

Като-лич-ка-та црква во Македонија е една црк-ва со два об-реда, поради што се вика Католичка, што значи оп--шта, од-носно заед-нич-ка црква. Според тоа, като-лич-ки-те верници и хра-мови од источен об-ред во Ре-пуб-ли-ка Македонија се присутни нај-мно-гу во струмичкиот крај, од-носно, во градот Струмица, во Радово, во Но--ва Ма-ала, како и во Гев-г-елија, Богданци и Стојаково, доде-ка ка-то-ли-ци--те од рим-скиот обред се нај-бројни во Скоп-је, Битола, Охрид и во други места.

Меѓутоа, денес претставниците на -Ка-толичката црква во Република Македонија не ги -упо-тре-буваат горенаведените термини, туку изразите верници со истотен православен обред на Католичката црк--ва во Македонија.

Инаку, Католичката црква во Македонија доби нов статус.  Со одлука на папата Франциск од апостолски егзархат стана епархија, прва од црквите со источен обред во регионот.  За прв епарх во новата католичка епархија која е насловена „Упсение на Пресвета Богородица“ Струмица – Скопје, пред 25 години е именуван бискупот скопски д- р Киро Стојанов кој сега ја носи и титулата Епископ струмичко скопски.

Скопскиот бискуп и Струмичко-скопски епарх монсињор Киро Стојанов на празникот Света Мајка Тереза, четврток 5 септември 2024 година, во катедралата „Пресвето Срце Исусово“ во Скопје го прослави јубилејот 25 години епископство, истовремено чествувајќи ја света Мајка Тереза и пет години од посетата на папата Фрањо на Македонија. Светата Литургија ја предводеше бискупот Стојанов, а со него сослужуваа Врхбосанскиот надбискуп и митрополит монсињор Тома Вукшиќ, Мостарско-дувањски бискуп и апостолски управител Требињско–мркањски монсињор Петар Палиќ, Бањалучкиот бискуп монсињор Жељко Мајиќ, вршителот на должноста во Апостолската нунцијатура монсињор Николас Гуиди во заедништво со свештеници од Скопска

бискупија, Струмичко-скопска епархија и други места.

Свеченоста започна со процесија, во која сестрите на Мајка Тереза ја носеа нејзината икона и свечен влез во катедралата.

На светата Литургија присуствуваа претседателската на Македонија Н.Е. Гордана Сиљановска-Давкова, претставниците на верските заедници, градоначалници, претставници на дипломатскиот кор, лица од културниот и општественот живот, чесни сестри, верници од сите парохии од Скопска бискупија и Струмичко – скопска епархија.

На почетокот од евхаристиското славење епископот Стојанов ги поздрави присутните истакнувајќи дека ја чествуваме нашата светица света Мајка Тереза, во нејзиниот и наш град Скопје и сме собрани да оддадеме благодарност на Господ Бог за посетата на Светиот Отец папата Фрањо, кој пред пет години ја посети нашата Црква и нашата Татковина Македонија како и 25 годишнината од неговата епископска хиротонија.



[illegible]